Анета БАРАКОСКА

УДК: 37.014.53

# ВРЕДНОСТИТЕ И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО УСЛОВИ НА ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ


***Кратка содржина***

*Во трудот посебно се осврнуваме на транзициониот период кој предизвика страшна збрка во системот на вредности, го наметна проблемот на промена на вредностите во општеството, но и проблемот колку сме ние подготвени тие промени да ги прифатиме. Основната цел на трудот е да се фокусира вниманието кон воспитанието и образованието како една суштинска детерминанта за менување на свеста, на вредностите за градење на обрасците за демократско-граѓанско општество, за отварање на процесот за квалитетните измени во животот на граѓанинот, на личноста. Демократското општество промовира трајни вредности како што се: почитување на човековите права, религиска, етичка, расна и културна толеранција, плурализам, солидарност, колективна одговорност, граѓанска коегзистенција, слобода итн.*

*Прифаќањето на демократските начела и вредностите на граѓанското општество најдобро се отсликуваат во однесувањето на поединецот. Решавањето на проблемот дискриминација, нерамноправност, општествена маргинализираност, авторитарност на општествениот систем и сл., освен знаење, бара активно следење на промените, што е повторно поврзано со моралното верување кое проникнува во позитивистичко-утилитаристичкиот однос кон светот. Барањето на нови морални принципи за човечкиот живот веќе неколку години се запира на идејата глобална етика.*

*Во трудот се презентирани и резултатите од некои истражувања кои главно се фокусирани на истражувањето на вредностите кај младите и нивните животни ориентации во приодот на транзиција (1991-2004), кој сеуште трае.*

*Основниот прблем со кој денес се соочува македонското општество е како да се утврдат стратегиите, динамиката и правците на вистинскиот развој на граѓанските вредности и односи низ воспитанието и образованието.*


**Клучни зборови:** *ВРЕДНОСТИ, ОБРАЗОВАНИЕ, ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ, ТРАНЗИЦИЈА, ГРАЃАНСКИ ВРЕДНОСТИ, ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО.*

Денес во литературата се среќаваат различни определби за вредностите и вредносните ориентации. Постојат повеќе дефиниции со кои се определуваат нивните особини, функции, класификации.

Во теоретското определување на вредностите, често пати се разгледуват и сродните поими како што се: идеалите, ставовите, уверувањата, интересите, потребите.

Вредностите и вредносните ориентации, најчесто се сваќаат како способности кои се стекнуваат по пат на социјално учење, способности за постапките и односите да се проценат како добри или лоши, а со тоа е поврзано чувството за одбивност кон лошото и наклонетост кон доброто, како и стремежот она што е сознаено како добро да се оствари со сопствено делување.

Оваа навидум јасна опрделба за вредностите и вредносните ориентации изобилува со низа дилеми и неразјаснети прашања како на пример: дали се вредностите традиционална или современа категорија, апсолутна или релативна, непроменета или постојана, објективна или субјективна.

Проблемот повеќе се компликира кога станува збор за развивање на способности и желби за прифаќање, втопување, кога актот на образованието треба да се потврди со актот на меѓусебното прилагодување на објективното и субјективното, предметното и личното.

Во општествата кои се менуваат најчесто постои конфузија во сваќањето на вредностите и вредносните ориентации, како и на начините на кои се формираат во воспитниот процес. За проблемот на општествената криза и формирањето на вредностите пишува и познатиот педагошки теоретичар Брезинка (Brezinka) во книгата под наслов „Воспитанието во општество на несигурни вредности".

Во периодот на општествената транзиција во Република Македонија парадоксите на образованието се зголемија со политичката плурализација и демократизација. Иако промените во воспитанието и образованието не беа во центарот на јавноста како политичките и економските реформи, образованието понекогаш се пројавуваше како средство на остварување на политички цели.

Изменетиот социјално-културен амбиент предизвика страшна збрка во системот на вредности, го наметна проблемот на промена на вредностите во општеството, но и проблемот колку сме ние подготвени тие промени да ги прифатиме. Пазарната економија, ширењето на политичките, етничките и другите граѓански права не само што некои вредности ги преобразија, туку создадоа нови. Она што како човеково однесување и мислење само до вчера беше несфатли-

во, одненадеж стана наше секојдневие. До вчера на пример, поседувањето на поголеми материјални добра можеше да биде сметано за ерес, денес тоа е веќе доблест, знак за успешност и општествена промоција. (2, стр. 23)

Проучувањето на вредностите стана интересно но и мошне специфично подрачје за истражување во овој периодот на значајни општествено-политички и социјално-економски промени, период во кој подолго време се наоѓа нашата земја.Овој период некои го нарекуваат општествена и историска исагога(вовед) во процесите на градење на нови вредности. Судирот помеѓу новите и старите вредности односно нивните идејно вредносни матрици е интересен за истражување, а посебно кај младите кои се главни покренувачи на промените во општеството.

Во Република Македонија во транзициониот период извршени се неколку истражувања кои се фокусирани на истражување на вредностите кај младите од различни аспекти. Така ставот на младите кон религијата е испитуван уште во периодот 1991-1993 год. Целта на истражувањето била да се утврди влијанието на општествените промени врз идеолошката сфера и тоа врз еден нејзин дел – религиозноста, како и да се согледаат промените во религиозното однесување на семејствата и нивното влијание врз религиозноста на младите. Резултатите од ова истражување покажале дека интересите и ставовите на младите кон религијата изразито се зголемиле во почетокот на општествената криза кај нас. Во 1992 иако кризата сеуште трае овие интереси се стабилизирале и се во рамките на една очекувана реакција во вакви општествени ситуации. Причините за ревитализација на религијата истражувачите ги гледаат во одредени психолошки условени реакции на луѓето кон општествените промени, промените во вредносниот систем и се поизразената несигурност. Потребата за религија, која е можеби вкоренета во основните услови за постоење на човековиот род, доаѓа до полн израз во периодите на криза и загрозен идентитет.

Подоцна покрај ова истражување направена е и компаративна анализа на резултатите од истражувањата на вредностите на младите кои биле извршени во 1989, 1991 и 1995 год. Сумираните резултати од овие истражувања направени во периодите, непосредно пред и после општествените промени, и четири години по тие промени упатуваат на следниве заклучоци:

- Општествените промени во Р. Македонија имале значајно влијание врз вредносниот систем на младите;

- Во периодот непосредно по промените на системот дошло до значајни промени во преференцијата на одредени вредности(материјалистичка, хедонистичка,национална и религиозна);
- Во периодот четири години подоцна дошло до повторно враќање на вредностите кои биле напуштени во периодот на најдраматичните промени;
- Младите се незадовлони од политичката, економската и социјална состојба во државата и од она што е направено за разрешување на кризата. Тие се разочарани во светот на возрасните. (6, стр. 49, 52, 53)

Во 1995год. спроведено е истражување со кое се истражувало влијанието на транзицијата врз системот на вредностите на младите. Примерокот се состоел од студенти на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје. Во ова истражување посебно внимание му било посветено на испитувањето на влијанието на полот, религиската припадност и потеклото(мал или голем град). Резултатите од истражувањето јасно укажале на тоа дека според интензитетот на застапеноста на вредносните преференции, водечки принципи во животот на младите се: конформизмот, постигнувањето, насоченоста кон себе, универзализмот, добронамерноста и сигурноста. На најниско место според рангот се: стимулацијата, моќта и традицијата. (7, стр. 83-95)

Мошне интересно за образованието е и истражувањето на структурата на вредносниот ситем на наставниците во периодот на транзиција при што е анализирана разликата во структурата на вредносниот систем во зависност од полот, местото на растење, етничкта и религиозната припадност и степенот на религиозност. Резултатите говорат дека кај наставниците се доминантни вредносните типови од социјалното подрачје, односно приоритет им се дава на колективните над личните интереси. Меѓутоа, основна вредносна ориентација е конформизмот кој значи конзервација, сочувување на статус кво, со што може да се објасни инертноста на наставниците при воведувањето на иновации во наставниот процес и бавните промени во образованието. На макро социјален план, доминирањето на конформизмот укажува на воздржување од акција и стремеж кон ненарушување на социјалните норми и очекувања. (7, стр. 113-131)

Резултатите од едно поново истражување (2004) во рамките на проектот „Развој на деца и млади во Република Македонија„ кое имаше за задача покрај другите задачи да ги испита и животните стилови, ориентации и вредносни системи со вкрстена анализа на повеќе

елементи, потврди дека кај младите испитаници постои јаз помеѓу „старите„ и „новите„ вредности, без оглед на полот, возраста, регионот и други показатели. Тие јасно укажуваат дека се свесни за судирот на вредностите во македонското општество. Сознанијата од квалитативната анализа на податоците зборува за тоа дека младите имаат мошне избалансиран критериум во изборот на општествено гприфатливитег вредности но и дека се сурово свесни за расчекорот помеѓу она што е очекувано и она што е можно.

По однос на истражувањето на животната ориентација со употреба на скала од ликертов тип добиените резултати можат да се сумираат во единствен заклучок а тоа е дека младите го вреднуваат животот во прв ред преку традиционалниот вредносен систем, инцидентно дополнувајќи ја листата на вредности и со такви кои се карактеристика на современото општество.

Нивните одговори можат да се претстават преку неколку општи определби:

- Животниот идеал на младите е живот во согласност со вредностите: љубов, здравје, брак, смејство и деца.
- Потоа доаѓаат: интересната работа, солидарните односи со средината, патувањата и запознавањето на други земји.
- Следува образованието. Напредувањето во службата е, сепак, помалку вредно од самото стекнување на образование. Кариерата младите ја ставаат во скоро еднаков ранг со амбиенталните услови, кои обезбедуваат слобода на мислењето и говорот, со живот исполнет со забава и задоволство, како и живот во согласност со божјите закони.
- Последните во рангот на животните ориентации се добрата заработувачка, дејноста во граѓански здруженија и политичка акција. На последното место е отсуството на интерес за политика. (5, стр. 67, 99)

Резултатите од споменатите истражувања по однос на вредностите не предупредува да се свртиме кон нас самите за да разгледаме кои вредности се соодветни за нашата сегашна историска и социјална ситуација. По однос на ова прашање постои „збрканост и во мислите и во практикатаг. Тоа не е чудно, но е тешко. Старите вредности кои можеби и во времето на нивното владеење не беа доволно прифатени, а сега начнати и скршени, се мешаат со новите, исто така недоволно јасни и артикулисани. (8, стр. 131, 132) Наставниците како директни носители на воспитно-образовниот процес тешко се при-

лагодуваат кон новите вредности, што впрочем се потврди со истражувањто кое предходно го спомнавме. „Наставниците продолжуваат да играат двојна улога, јавувајќи се од една страна, како водечка страна во образованието, без која е невозможно да бидат отворени кон промени, а од друга страна остануваат образовен актер кој најбавно се менува обидувајќи се да работат по старо во една друга реалностг. (2, стр. 23)

Преку системот на воспитание и образование се настојува младата генерација да впие што е можно повеќе вредности кои ќе бидат во функција на развој на постојниот општествен систем.

Р. Македонија тежнее кон создавање на граѓанска опција во општеството. За објективизација на оваа опција потребно е време, а воспитанието и образованието постојано треба да бидат во функција на целите и задачите на општествениот систем. Еден од основните прблеми со кои се соочува македонското општество е како да се утврдат стратегиите, динамиката и правците на вистинскиот развој на граѓанските вредности и односи низ воспитанието и образованието. На ова поле, се чини, претстојат можеби, најмакотрпните транзициони преобразби.

Во тие преобразби од фундаментално значење е новата позиција на воспитанието и образованието кое треба да биде во функција на формирање на граѓани и смостојни личности кои сами умеат да го разликуваат доброто од злото и кои не го сакаат образованието кое се темели главно на начелото „лонецот и тиквичката“ при што наставникот поседува знаења и овластување да предава и да ги полни празните тиквички. (2, стр. 24)

Во духот на новите барања со кои се судира Македонското општество на почетокот на 21-век е последната национална програма за развој на образованиетово Р. Македонија 2005-2015, која настојува промените да ги фундира на современите цивилизациски вредности како што се: знаењето, демократичноста, правичноста, толеранцијата и хуманизмот.

Нормативната рамка на граѓанската опција треба да функционира на тој начин што ќе развива свест и широк простор за оптимализација на граѓанската суштина и смисла на животот, како и целите и задачите на воспитанието.

Денес во Р. Македонија се свртува вниманието кон воспитанието и образованието како една суштинска детерминанта за менување на свеста, на вредностите за градење на обрасците за демократско-граѓанско општество, за отварање на процесот за квалитетните измени во животот на граѓанинот, на личноста. Демократското опш-

тество промовира трајни вредности како што се: почитување на човековите права, религиска, етичка, расна и културна толеранција, плурализам, солидарност, колективна одговорност, граѓанска коегзистенција, слобода итн.

Значаен елемент за развојот и унапредувањето на демократскиот концепт и граѓанските вредности претставува воведувањето на систематско подрачје – наставен предмет граѓанско образование во основното училиште.

Граѓанското образование како наставен предмет во училишни рамки им овозможува на децата и младите да ги осознаат правилата на животот во заедницата кога ќе бидат возрасни. Граѓанското образование соединува различни монодисциплинарни содржини од автономните општествени науки, давајќи им нов епистемолошки идентитет. Содржините се хетерогени, интегрирани во воспитен проект со специфични цели. Со Граѓанското образование се идентификуваат три независни содржини:

а) основни знаења за општеството и за тоа како функционира државата и институциите како и економските, администативните и политичките процеси на даденото општество;
б) вештините-кои го сочинуваат вториот вид на содржини кои се пренесуваат со граѓанското образование, поврзани се со развојот на одредени способности како: критичко мислење, вештина за комуникација, дух на иницијатива, автономија, способност за преговарање и решавање на конфликти итн.;
в) вредностите се третиот вид на содржина на Граѓанското образование. (15, стр. 114, 115)

За ефикасноста на вака поставеното граѓанско образование се поставува прашањето дали воведувањето на еден наставен предмет може да придонесе за демократско образование ако се има во предвид дека на останатите часови и училишни ситуации ученикот нема допирни точки со правилата и принципите кои се усвојуваат преку овој наставен предмет. За да биде ефикасно демократското образование треба да ги опфати сите ученици низ сите школски активности и целокупната организација на училиштето. Демократското образование не може да се оствари смо со стекнување на потребни знаења, ниту со определени вештини и ставови, туку е потребно лично искуство преку учество во демократски облици на организирање, одлучување и делување во училиштето и опкружувањето.

Во Република Македонија која се развива во еден нов социјален амбиент, врз изборот и градењето на новите вредности голем придонес има и воведувањето на етичката настава во втора и трета година од средното гимназиско образование како изборен предмет. Етичката настава е сконцентрирана врз прашањата на етичките, животните и граѓанските вредности. Учениците преку овој наставен предмет се запознаваат со најразлични етички проблеми на современиот човек, со развојот на етичките сознанија во последните децении и со можните решенија на проблемите со соодветни вредности, норми и постапки.

Етиката е неопходна и интересна наука. Нејзините прашања се однесуваат на животот и ги интересираат сите, особено младите. Тие за нив дискутираат, често страсно и жолчно. Во етичкото образование се учат разни нешта за сите важни етички прашања, особено за оние што се најважни за младите. Содржината на наставниот предмет Етика ги разработува прашањата за етиката како наука за моралот и на моралот како особено човечко мислење и дејствување, кои се оценуваат како добро и зло. Напоредно со тоа се претставува и развитокот на етиката во последните неколку децении и нејзината перспектива во новиот век. Завршните разгледби се однесуваат на значењето на откривањето на правиот пат во животот, на неговото определување и на одењето на човекот по него. (10, стр. 3, 4)

Прифаќањето на демократските начела и вредностите на граѓанското општество најдобро се отсликуваат во однесувањето на поединецот. Решавањето на проблемот дискриминација, нерамноправност, општествена маргинализираност, авторитарност на општествениот систем и сл., освен знаење, бара активно следење на промените, што е повторно поврзано со моралното верување кое проникнува во позитивистичко-утилитаристичкиот однос кон светот. Барањто на нови морални принципи за човечкиот живот веќе неколку години се запира на идејата глобална етика.

Во многу програмски материјали, меѓународни организации и здруженија глобалната етика се опишува како нова вредносна ориентација што значи подготвеност на поединецот, државата и народот своите поединечни интереси да ги ускладат со интересите на светот како целина, такашто ќе го прифатат системот на заеднички права и должности кои произлегуваат од „општата декларација за човековите правила, како референтна рамка на своите однесувања“. Најсилен аргумент на кој се темели потребата за глобална етика е идниот развој на човекот и светот. Прифаќање на глобалната етика се поврзува со следново:

1) Златното морално правило кое зафаќа централно место во сите големи региони на светот, и не учи да не го правиме она што не сакаме да ни го прават другите нам;
2) Појава на глобална граѓанска култура која се темели на човековото достоинство и слобода; и
3) Прифаќањето на меѓународните стандарди за човековите права во сите сфери од човековиот живот.

Во склад со тоа глобалната етика би требало да ги опфати следниве стандарди:

1) човековото право и одговорност;
2) демократијата и граѓанското општество;
3) заштита на малцинствата;
4) мирно решавање на судири и
5) генерациска и меѓугенерациска одговорност за зачувување на природните ресурси на благосостојбата на сегашната и идната генерација.

Денес во изменет свет на живеење со тенденција кон глобализација, успехот и ефикасноста за промена на вредностите лежи во спојот на универзалните вредности и стандарди со локалните (националните) специфичности. Бидејќи станува збор за образованието како доста сложено и комплексно прашање, голем број на земји се здружуваат на регионална и меѓународна основа со цел заеднички да ги проучуваат проблемите во образованието, да утврдуваат заеднички програмски јадра, заеднички-меѓународни дипломи, изградуваат заеднички информациони системи со единствени банки на податоци, заеднички ја стандардизираат педагошката терминологија и сл.

Размислувањата по однос на главните вредности кои треба да ја водат нашата македонската заедница одат во насока дека тие во основа треба да ги синтетизираат искуствата на нејзиното минато, транзицијата кон новите животни ситуации и новата насоченост на општеството кон стабилизација и вклучување во современиот развиен свет.

(Рецензент: *проф. д-р Марија Костова*)

# ЛИТЕРАТУРА

Ацески, Илија, (2002), Општеството и човекот во транзиција, Филизофски факултет, Скопје.

Корубин, Јован, (1998), Општествената транзиција и образованието, во Зборникот „Општествената транзиција и образованието", Скопје.

Корубин, Јован, (2004), Аномино општество, Матица Македонска, Скопје.

Стојаноски, Нелко, (1998), Општествените промени, општествените вредности, образованието и воспитанието, во Зборникот „Општествената транзиција и образованието", Скопје.

Основна студија за младински трендови, (2004), Агенција за млади и спорт, Скопје.

Стаменкова, Т., Верица, Структура на вредносните системи кај различни социјални групи во Република Македонија, (2000), НИП – „Студентски збор", Скопје.

Годишен Зборник на Филозофски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", (1997), Скопје.

Темков, Кирил, (1998), Етика, Епоха, Скопје.

Темков, Кирил, (1999), Етиката денес, Епоха, Скопје.

Темков, Кирил, (2004), Етиката за втора година гимназиско образование, Просветно дело, Скопје.

Темков, Кирил,(2004), Етиката за трета година гимназиско образование, Просветно дело, Скопје.

Национална програма за развој на образованието во Република Македонија, 2005-2015, Министерство за образование и наука на Република Македонија, Скопје, 2004.

Јовановски, Коле,(2000), Филозофска Антропологија, Куманово.

Скаловски, Денко, (2005), Етика на одговорноста, БИГОС, Скопје.

Ѓорѓева, П., Емилија,(2005), Современото училиште и моралното воспитание, Штип.

Brezinka, W., (1986): Erziehung in einer Wertungsischen Gesellschaft, Munchen.

Aneta BARAKOSKA

# VALUES AND EDUCATION CIRCULUSTANCES OF SOCIAL CHANGES

## Summary

*In this work we give special emphasis to the developing period which caused disorder in the system of values and imposed two problems : on one hand, the problem caused by change of values in a society and on the other hand, how much we are prepared to accept those changes. The basic objective of this work is to focus its attention on the educational and upbringing process as one essential determinative change of the consciousness embracing the values for constitution democratic-civilian society, changes concerning the opening process in considering the qualities of citizen's life and personality. Democratic society promotes values of long duration just as: respect of the Declaration Human Rights, religious, ethnical, racial and cultural tolerance, pluralism, solidarity, collective responsibility ,civilian coexistence, freedom, e.t.c.*

*The adoption of the democratic principles and values of the civilian society are shown in the optimum of the individual's behaviour. Solving of the problems of discrimination, inequality, social marginalization, the authoritativeness of the social system and similar other problems, besides knowledge, requires active following of the changes, which is again connected to the moral belief based on the positivistic-utilitarian attitude towards the world. For several years the search for new moral principles of humans' life is stopped on the idea for global ethics.*

*In this work I have presented results from a researsh mainly focused on the results from a survey conveyed on the young people's values and their life orientations in the period of development (1991-2004) that still lasts.*

*The basic problem that Macedonian society faces today is how to fortify the strategies, the dynamics and the directions of the authentic development of the civilian values and attitudes throughout the education and the upbringing.*

***Keywords:*** *VALUES, EDUCATION, UPBRINGING, SOCIAL CHANGES, DEVELOPMENT, CIVILAN VALUES, DEMOCRATIC SOCIETY.*